# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 4/2017 Пробиштип 29.12.2017 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.4 одржана на ден 27.12.2017година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/3,
2. Одлука за усвојување Финансов план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/4,
3. Одлука за усвојување Финансов план на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/5,
4. Одлука за усвојување Финансов план на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/6,
5. Одлука за усвојување Финансов план на Општинската установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/7,
6. Буџет на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/8,
7. Одлука за изршување на буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/9,
8. Одлука за избор на Командир на Полициска Станица Пробиштип бр. 26-946/10,
9. Одука за согласност на Извештај за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период 01.01 до 30.06.2017 година бр. 26-946/11,
10. Одлука за согласност на Финансов извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период 01.01 до 30.06.2017 година бр. 26-946/12,
11. Одлука за согласноcs Финансов извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период 01.01 до 30.09.2017 година бр. 26-946/13

12. Одлука за усвојување Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-946/14
13. Одлука за усвојување Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Никола Карев-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-946/15
14. Одлука за усвојување Програма за работа на Општинската установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/16,
15. Програма за работа на Советот на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/17,
16. Одлука за давање под закуп по пат на електронско јавно наддавање дониран имот во сопственост на општина Пробиштип бр. 26-946/18,
17. Одлука за определени средства за експропријација во буџетот на Општина Пробиштип бр. 26-946/19,
18. Одлука за утврдување на вредноста на бодот на административни службеници во Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/20,
19. Одлука за ангажирање на лица во рамки на проектен тим-учесници во проектот Заеднички инвестиции во енергетската ефикасност бр. 26-946/21,
20. Одлука за кофинансирање на преокт Заеднички инвестиции во енергетската ефикасност-реализација на проект Енергетска ефикасност на Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип бр. 26-946/22,
21. Заклучок по Финансов извештај за изборна камапања за Локални избори 2017 Пробиштип од Група избирачи Сашо Андовски бр. 26-946/23,
22. Заклучок по барање за надомест на трошоци за Локални избори од Коалиција предводена од СДСМ бр. 26-946/24,
23. Заклучок по барање за надомест на трошоци за Локални избори од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ бр. 26-946/25,
24. Заклучок по барање од ЈОУДГ Гоце Делчев за член во УО од редот на вработените бр. 26-946/26
25. Заклучок по барање од Михајлова Силвана бр. 26-946/27-1,
26. Заклучок по барање од Воислав Николов бр. 26-946/27-2,
27. Закличок по барање од маја Петрушевска бр. 26-946/27-3,
28. Заклучок по барање од Горанчо Алексов бр. 26-946/27-4,
29. Заклучок по барање од Васка Василкова бр. 26-946/27-5,
30. Заклучок по барање од Милка Крстова бр. 26-946/27-6,
31. Заклучок по барање од Виолетка јакимова бр. 26-946/27-7,
32. Заклучок по барање од Исмаил Рушидов бр. 26-946/27-8,

33. Заклучок по барање од Стаменова Убавка бр. 26-946/27-9,
34. Заклучок по барање од Црковен хор бр. 26-946/27-10,
35. Залучок по барање од Јованов Бобе бр. 26-946/27-11,
36. Заклучок по барање од група граѓани од викенд населба Леговец бр. 26-946/27-12,
37. Заклучок по барање од Јовановски Мирче бр. 26-946/27-31,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-946/29 ГРАДОНАЧАЛНИК НА
18.12.2017 година ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр 4/05, 25/14 I 29/15), на предлог на Градоначалникот Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ЗА 2018 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2018 година бр 26-851/12 од 01.12.2017 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 03/2017 и тоа :

Подпрограма Јл Изградба на други комунални објекти

- По точката 4 се додава нова точка 5 Реконструкција на фасада, санација на кров и замена на столарија на дом на култура Злетово во графата буџет ќе стои 1.500.000 денари и во графата донации ќе стои 1.000.000 денари.

Вкупно во подпрограмата Јл место предвидените 9.761.500 денари во графата буџет ќе стои 11.261.500 денари, а во графата донации место предвидените 10.118.000 денари ќе стои 11.118.000 денари

Подпрограма Еа Општинска администрација капитални расходи

- По точката 1 се додава нова точка 2 Реконструкција на фасада, санација на кров и замена на столарија на дом на култура во Пробиштип во графата буџет ќе стои 2.500.000 денари, а во графата донации ќе стои 9.679.820 денари.

Вкупно во подпрограмата Еа место предвидените 3.000.000 денари во графата буџет ќе стои 5.500.000 денари, а во графата донации место предвидените 0,00 денари ќе стои 9. 679. 820 денари

Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2018 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година

Број 26-946/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајќи по Финансовиот план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Финансов план на ООУ Браќа Миладиновци
Пробиштип за 2018 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на Општинското Основно Училиште Браќа Миладиновци Пробиштип за 2018 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2018 година на сметка 903 бр. 05-535/1 од 01.12.2017 и на сметка 787 бр. 05-536/1 од 01.12.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Број 26-946/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот

на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајки по Финансовиот план на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Финансов план на ООУ Никола Карев
Пробиштип за 2018 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на Општинското Основно Училиште Никола Карев Пробиштип за 2018 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2018 година на сметка 903 бр. 05-472/1 од 04.12.2017 и на сметка 787 бр. 05-471/1 од 04.12.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Број 26-946/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајки по Финансовиот план на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Финансов план на СОУ Наум Наумовски Борче
Пробиштип за 2018 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на Средното општинско Училиште Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2018 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2018 година на сметка 903 бр. 05-380/1 од 28.11.2017 и на сметка 787 бр. 05-380/2 од 28.11.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Број 26-946/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајќи по Финасовиот план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Финансов план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финасовиот план на Општинското Установа Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовит план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година на сметка 903 бр. 01-165/1 од 12.12.2017 и на сметка 787 бр. 05-167/1 од 12.12.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Број 26-946/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за локална самоуправа ("Службен весник наРМ" бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр, 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) и член 94 одСтатутот на општина Пробиштип ("Службен гласник на општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2018 година**

**Член 1**

Буџетот на општина Пробиштип за 2017 година година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации , Буџет на дотации и Буџет на заеми.

**Член 3**

Основниот буџет на општината се состои од: Општ, Посебен и Развоен дел.

Градоначалникот на општината подготвува предлог план на програми за развој усогласен со насокитеод Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 4**

Расходите утврдени во Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземат обврски.

За да се превземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 6**

Буџетските корисници не смеат да превземат обврски кои пристигнуваат во тековната година, а кои се над ододобрените средства во Буџетот на општината.

**Член 7**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на Буџетските корисници ја одобрува Советот на општината. Буџетските корисници, во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамките на определените буџети. Прераспределбата за буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства во буџетот на ниво на ставки во рамките на подпрограма , не можат да бидат намалени за повеќе од 20 % со прераспределби во тековната фискална година, а одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставки во рамките на Буџетот не можат да се зголемат со прераспределба за повеќе од 10%.

**Член 8**

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, по претходно одобрување од Советот на општината.

Буџетскиот корисник не може да врши пренамена на Буџетот со кој се зголемува Буџетот одобрен за плати и надоместоци, а се намалуваат одобрените средства за капитални инвестиции во овие буџети.

**Член 9**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачките активности, Буџетот на донации и/или Буџетот на дотации, планираните приходи и другите приливи не се реализираат односно се реализираат над (или под) планираниот износ, доставуваат барање за пренамена (намалување или зголемување) на одобрените средства во овие буџети.

**Член 10**

Градоначалникот на општината, во секој случај кога очекуваните приходи и други приливи на основниот буџет се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнината и каматата на долгот.

Доколку Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни распределби на одобрените средства во Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага до Советот на општината измена и дополнување на Буџетот.

**Член 11**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

За користење на одобрените средства во даден квартал, буџетските корисници доставуваат и планови по месеци ако тоа го побара Министерството за финансии.

**Член 12**

Исплатата на платата на Градоначалникот ќе се врши согласно Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката со примена на коефициент 2,90 на основица утврдена со Закон. Основица за исплата на плата изнесува 26.755 денари.

**Член 13**

Исплатата на платите на вработените кои имаат статус на административни службеници ќе се врши согласно Законот за административните службеници, а вредноста на бруто бодот се утврдува со Одлука на Совет на општина Пробиштип.

Исплатата на платите на вработените кои немаат статус на административни службеници ќе се врши согласно Законот за работни односи и согласно Правилникот на општината.

Исплата на плати на вработените во ТППЕ Пробиштип ќе се врши согласно Законот за работни односи и согласно Правилникот на општината.

**Член 14**

На членовите на Советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните трошоци како во член 16 од оваа одлука.

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во висина од 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

За председавачот на Советот месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се зголемува за 30% од надоместокот на советниците.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на совветот во тековниотт месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 15**

При исплата на плати на локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет, истите се должни 5 дена пред исплатата на плата до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците : декларација за прием, ЗИР, Ф-1 , список на вработени по работни места за односниот месец за кој се однесува платата.

**Член 16**

Надоместокот за дневници за службено патување во земјата и странство, патните трошоци и трошоците за ноќевање ќе се исплаќаат согласно Законот и Правилникот на Општината и подзаконските акти за утврдување надоместок за патување во странство.

**Член 17**

Испатата на име надомест за годишен одмор ќе се врпи од Програмата-Општинска администрација расходно конто 404150-Други надоместоци на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ до 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 18**

Во случај на боледување подолго од 6 месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во согласност со Законот за заштита и спасување на работникот му се исплатува помош во висина од 1 (една) последна исплатена месечна плата во органот кај што е вработен.

На работникот при одење во пензија му се исплатува двократен износ од просечната исплатена нето плата во Р. Македонија.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеат во заедница , му припаѓа парична помош од 15.000,00 денари.

Сите исплати на претходно наведените надоместоци се врши врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 19**

Користењето на средствата од Буџетот на општината при работењето на буџетските корисници се врши со набавени фактури и други документи за

плаќање во кои посебно се искажуваат расходите по поделени ставки, почитувајќи ги при тоа одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавка на стока и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура, при што за должително мора да биде приложена и фискална сметка и само во ограничени поединечни износи до 6.000 денари.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна резерва) во износ до 3% од тековните расходи на основниот Буџет, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот по претходно усвоен план од Советот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе извештај за користење на средствата од резервите.

**Член 21**

Буџетските корисници се одговорни за извршување на расходите и другите одливи, во согласност со одобрените средства.

Буџетските корисници се должни одобрените средства да ги користат наменски во согласност со пропишаните процедури.

Секој расход и одлив од Буџетот мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

**Член 22**

Средствата утврдени во основниот Буџет и распоредени во пооделните програми и подпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 23**

Вработување во општинската администрација се врши согласно Планот за вработување и актите за организација и систематизација на општината и за кои се обезбедени средства во буџетот на општината, Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

**Член 24**

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства од Буџетот на РМ и да приложат М-1 образец.

**Член 25**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот

износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема – тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатените , односно наплатените приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други страни.

**Член 26**

Буџетот на општина Пробиштип се извршува од 01.01.2018 до31.12.2018 год.

**Член 27**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на општина Пробиштип", а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

Број 26-946/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 12 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 34 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 24 од Законот за полиција (Службен Весник на РМ бр.114/2006, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност
Пробиштип

1. За командир на Полициската станица од општа надлежност во Пробиштип се избира Панче Јованов.

2. Решението стапува на сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробоштип.

О б р а з л о ж е н и е

Министерот за внатрешни работи, согласно член 24 од Законот за полиција, достави листа на кандидати за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност во Пробиштип бр.22.6-87425/1 од 18.12.2017 година.

Советот на општина Пробиштип, во законски рок, на својата редовна седница одржана на 27.12.2017 година, расправајќи по предлогот на Министерот за внатрешни работи, за командир на Полициската станица од општа надлежност во Пробиштип го избра Панче Јованов, од Пробиштип, ул. Кочо Рацин бр. 32 со завршено високо образование Факултет за безбедност и 26 години работно искуство во полицијата.

Број 26-946/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 5 став 3 и член 11 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајки по Извештајот за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за согласност на Извештајот за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година

**Член 1**

Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година бр. 01-492/1 од 31.07.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-946/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 5 став 3 и член 11 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајки по Финансискиот извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за согласност на Финансискиот извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година

**Член 1**

Се дава согласност на Финансискиот извештајот на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2017 година бр. 05-494/1 од 31.07.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-946/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 5 став 3 и член 11 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајки по Финансискиот извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за согласност на Финансискиот извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2017 година

**Член 1**

Се дава согласност на Финансискиот извештајот на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2017 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2017 година бр. 05-858/1 од 15.12.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-946/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот

на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајќи по Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип .

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 01-505/2 од 30.11.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-946/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајќи по Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Никола Карев-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Никола Карев Пробиштип, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Никола Карев-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Никола Карев Пробиштип

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Никола Карев-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Никола Карев Пробиштип

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Анекс на годишна Програма за работа на ООУ Никола Карев-Антикорупциска едукација на учениците во ООУ Никола карев Пробиштип бр. 02-465/8 од 04.12.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-946/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, расправајќи по Програмата за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програма за работа на Општинското Установа Дом на култура Злетовски рударПробиштип за 2018 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на ОУ До на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година бр. 01-166/1 0д 12.12.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Број 26-946/16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14 и 29/15) и член 114 став 3 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А

За работа на Советот на општина Пробиштип за 2018 година

ВОВЕД:

Советот на општина Пробиштип работи согласно одредбите од Законот за локална самоуправа, Статутот на општината а притоа раководејќи се од

законските одредби на законите кои се во функција на децентрализацијата, како и роковите утврдени со нив. Раководејќи се од тоа секоја година Советот донесува Програма за работа во која се утврдени роковите и изготвувачите на материјалите кои се доставуваат до Советот на разгледување и усвојување.

Програмата за работа на Советот на општина Пробиштип дава насоки за работа на Советот во тековната календарска година и не претставува цврста рамка бидејќи истата може да се надополнува и со други актуелни тематски и нормативни прашања кои ќе произлезат во тековната година.

Исто така Законот овозможува директно вклучување на граѓаните во покренување на иницијативи, предлози, сугестии за решавање на одредени прашања од интерес на самите граѓани, или индиректно преку свои избрани претставници во органите на локалната самоуправа, кои не се влезени во програмата на Советот, но Советот ќе ги стави на дневен ред доколку се појави таква потреба.

***1. ТЕМАТСКИ ПРАШАЊА И НОРМАТИВЕН ДЕЛ***

1. Програма за работа на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за 2018 година
   Изготвувач: ЈКП Никола Карев-Пробиштип
   Рок: 30 Јануари
2. Извештај за работата на ТППЕ на општина Пробиштип за 2017 година
   Изготвувач: ТППЕ-Пробиштип
   Рок: 30 Јануари
3. Програма за работа на Единицата за против пожарна заштита за 2018 г
   Изготвувач: ТППЕ-Пробиштип
   Рок: 30 јануари
4. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2017 година
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: 30 јануари
5. Извештај за работата на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2017
   Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
   Рок : 30 Јануари
6. Одлука за усвојување на Извештајот од реализираниот попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и пари;ни средства на благајна и жиро сметка на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2017 година.
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: 30 јануари
7. Информација за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на територијата на општина Пробиштип за период од јули до декември 2017 година
   Изготвувач: ПС Пробиштип

Рок: 28 Февруари

8. Одлука за усвојување на Предлог-планот за запишување на ученици во учебната 2017/2018 година и постсредно образозование во СОУ„Н.Н.Борче„ Пробиштип
Изготвувач: Одделение за јавни дејности во соработка со СОУ Н.Н.Борче
Рок: 28 Февруари

9. Одлука за усвојување на завршна сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2017 Изготвувач: Одделение за финансии и буџет и ЛЕР
Рок: 30 Март

10. Извештај за работата и финансов извештај со завршна сметка на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за 2017
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Март

11. Извештај за работата и финансов извештај на Дом на култура Злетовски Рудар-Пробиштип за 2017
Изготвувач: Дом на култура Злетовки Рудар-Пробиштип
Рок: 30 Март

12. Финансов извештај за работата на ОУ Браќа Миладиновци за 2017 год.
Изготвувач: ОУ Браќа Миладиновци-Пробиштип
Рок: 30 Март

13 . Финансов извештај за работата на ОУ Никола Карев за 2017 год.
Изготвувач: ОУ Никола Карев-Пробиштип
Рок: 30 Март

14. Финансов извештај за работата на ОСУ Н.Н Борче-Пробиштип за 2017
Изготвувач: ОСУ Н.Н.Борче -Пробиштип
Рок: 30 Март

15. Финансов извештај за работата на ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип за 2017
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип
Рок: 30 Март

16. Извештај за остварување на Програмата за уредување на градежното земјиште на територијата на општина Пробиштип за 2017 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 30 Април

17. Извештај за остварување на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2017 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 30 Април

18. Извештај за остварување на Програмата за изградба и одржување на улично осветление на територијата на општина Пробиштип за 2017
Изготвувач: Одделение за комунални дејности и локални патишта и улици
Рок: 30 Април

19. Извештај за остварување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Пробиштип за 2017

Изготвувач: Одделение за комунални дејности и локални патишта и улици
Рок: 30 Април

20. Извештај за остварување на Програмата за одржување на јавната чистота за 2017
Изготвувач:Одделение за комунални дејонсти и локални патишта и улици и ЈКП Никола Карев
Рок: 30 Април

21. Извештај за остварување на Програмата за одржување на паркови и зеленило за 2017 година
Изготвувач: Одделение за комунални дејности и локлани патишта и улици и ЈКП Никола Карев
Рок: 30 Апри

22. Извештај за остварување на Програмата за урбанистичко планирање и ЛЕР на Општина Пробиштип за 2017 година
Изготвувач: Одделение за урбанизам и Одделение за ЛЕР и заштита на животна средина
Рок: 30 Април

23. Извештај за реализација на програмата за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина за 2017 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

24. Извештај за реализација на Акциониот план за социјална заштита за 2017 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

25. Извештај за реализација на акциониот план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2017 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

26. Извештај за реализација на акциониот план за реализација на активностите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Пробиштип за 2017 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

27. Извештај за реализација на програмата за активности на општина Пробиштип во областа за заштитата и спасувањето за 2017 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

28. Извештај за реализација на програмата за одбележување на празници манифестации настани во општина Пробиштип за 2017 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

29. Извештај за реализација на програмата за работа на инспекциското одделени за 2017
Изготвувач: Инспекциско одделение
Рок: 30 Април
30. Извештај за остварување на Буџетот на општина Пробиштип за првиот квартал од 2018 година
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања на општина Пробиштип
Рок: 30 Април
31. Извештај за работата и финансов извештај на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2018
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Април
32. Информација за јавната безбедноста и безбедноста на сообраќајот на патиштата на територијата на општина Пробиштип за првите шест месеци од 2018 г.
Изготвувач: МВР-ПС-Пробиштип
Рок: 30 Јули
33. Извештај за остварување на Буџетот на општина Пробиштип за вториот квартал од 2018 година
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања општина Пробиштип.
Рок: 30 Јули
34. Извештај за работата и финансов извештај на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Јули
35. Извештај за работата на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Јули
36. Извештај за работа на ОУ Браќа Миладиновци-Пробиштип за учебната 2017/2018
Изготвувач: ОУ БраЌа Миладиновци-Пробиштип
Рок: 30 Август
37. Извештај за работа на ОУ Никола Краев -Пробиштип за учебната 2017/2018
Изготвувач: ОУ Никола Карев-Пробиштип
Рок: 30 Август
38. Извештај за работа на ОСУ Н.Н.Борче-Пробиштип за учебната 2017/2018
Изготвувач: ОСУ Н.Н.Норче-Пробиштип
Рок: 30 Август
39. Извештај за работа на ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип за учебната 2017/2018
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип
Рок: 30 Август

40. Буџетски календар за изработка на буџет за 2019 година
Изготвувач: Одделение за финансии и буџет
Рок: 30 Септември
41. Програма за работа на ОУ Браќа Миладиновци-Пробиштип за учебната 2018/2019
Изготвувач: ОУ Браќа Миладиновци
Рок: 30 Септември
42. Програма за работа на ОУ Никола Карев-Пробиштип за учебната 2018/2019
Изготвувач: ОУ Никола Карев-Пробиштип
Рок 30 Септември
43. Програма за работа на ОСУ Н.Н.Борче -Пробиштип за учебната 2018/2019
Изготвувач: ОСУ Н.Н.Борче-Пробиштип
Рок: 30 Септември
44. Програма за работа на ЈОУДГ Гоце Делчев -Пробиштип за учебната 2018/2019
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип
Рок: 30 Септември
45. Извештај за остварување на буџетот на општина Пробиштип за третиот квартал од 2018 година
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања на општина Пробиштип
Рок: 30 Октомври
46. Извештај за работата и финансов извештај на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2018
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Октомври
47. Изменување и дополнување на буџетот на општина Пробиштип за 2018 г.
Рок: 15. Ноември
48. Програма за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември
49. Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици во опшина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември
50. Програма за изградба и одржување на улично осветление на територијата на Општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември
51. План за енергетска ефикасност за 2019 година на општина Пробиштип
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември
52. Програма за одржување на јавната чистота за 2019 година

Изготвувач:Одделение за комунални работи
Рок: 15 Ноември

53. Програма за одржување на паркови и зеленило за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи работи
Рок: 15 Ноември

54. Програма за урбанистичко планирање за 2019 година
Изготвувач: Одделенеи за урбанизам
Рок: 15 Ноември

55. Програма за ЛЕР за 2019 година
Изготвувач: Одделение за ЛЕР и заштита на животната средина
Рок: 15 Ноември

56. Програма за одбележување на празници и манифестации во општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за општестевни дејности во општина Пробиштип
Рок: 15 Ноември

57. Програма за заштита и спаување на територијата на општина Пробиштип за 2019г.
Изготвувач: Одделение за општестевни дејности во општина Пробиштип
Рок: 15 Ноември

58. Акциониот план за социјална заштита за 2019 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември

59. Акциониот план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2019 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември

60. Акциониот план за работа на ОСБСП на општина Пробиштип за 2019 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември

61. Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина за 2017 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноемвро

62. Програмата за работа на инспекциското одделени за 2019 година
Изготвувач: Инспекциско одделение
Рок: 15 Ноември

63. Програма за работа на Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2019г
Изготвувач: Дом на култура Злетовски Рудар-Пробиштип
Рок: 15 Декември

64. Предлог -Буџет на општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделени за финансии и буџет
Рок: 15 Декември

65. Одлука за извршување на буџетот на општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделени за финансии и буџет

Рок: 15 Декември

66. Програма за работа на Советот на општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Комисија за изработка на Програма за работа на Совет
Рок: 15 Декември

Програмата влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Број 26-946/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен гласник на РМ 4/2005, 25/14 и 29/15), и членовите 37,38,39 а в.в. членовите 24 до 29 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл.весник на РМ 78/2015, 106/2015, 153/2015 и 190/2016) , на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип , Советот на седницата одржана на ден 27.1.22017 г. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За давање во закуп по пат на електронско јавно наддавање дониран имот во сопственост на општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот и постапката за давање под закуп на донираниот имот од страна на компанијата МЕПСО Скопје на општина Пробиштип по пат на електронско јавно наддавање .

Член 2

Предмет на закупот е следниот имот:СНОУ БОРД ПАРК НА ПОНИКВА што подразбира:

-Акумулација (вештачко езеро)

-Бушотина за дотур на вода во акумулацијата

-Контејнерска пумпна станица ПС 1 на ски патека 1

-Контејнерска пумпна станица ПС 2 на ски патека 2

-Потисен повратен цевковод акумулација-резервоар

- Снежна санка 1 број

-Ратрак 1 број

-Топови за вештачки снег 5 броја

Начинот на користење на напред наведениот имот попрецизно ќе биде дефинирано со договорот за закуп помеѓу закуподавецот и закупецот.

Член 3

Вкупната проценета вредност на имотот предмет на закупот, утврдена од страна на овластен проценител согласно Законот за процена, изнесува **10.856.500,00 денари.**

Висината на вкупната почетна цена на закупнината согласно член 38 став 1 од Законот за располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост изнесува 0,5% од проценетата вкупна вредност на имотот, за месечна закупнина на имотот односно **54.282,50 денари.**

Член 4

За спроведување на постапката за јавно наддавање , Градоначалникот на општина Пробиштип со посебно решение формира Комисија во состав од претседател и два члена и нивни заменици од редовите на општинската администрација на општина Пробиштип.

Член 5

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-946/18
27.12.2017 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) , член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14 и 29/15) и член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на Република Макеедонија бр. 95/012, 131/012, 24/013,27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16) а на основа Проценкарта од овластен проценител за утврдената пазарна вредност на градежно неизградено земјиште, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За определени средства за експропријација во буџетот на општина Пробиштип

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат средства за експропријација на градежно земјиште за изградба на улици до старо Калниште-Пробиштип во сопственост на физичко лице од Пробиштип предвидени со Геодетски елаборати за посебни намени ( за експропријација) Пр.бр. 122/5-17 од 15.08.2017 година.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетската програма ЕА – Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2018 година на контото

485420- Надомест за одземен имот – 500.000 денари.

Согласно Проценката за утврдување на пазарната вредност на градежно неизградено земјиште во општина Пробиштип за четврта зона пазарната вредност изнесува 72,00 денари по метар квадратен.

Член 2

Одлуката влегува во сила осум дена од објавување во Службен гласник на општина Пробиштип

Број 26-946/19 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016) ,член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.12.2017 година , донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вредност на бодот**
**на административните службеници во Општина Пробиштип за 2018 година**

**Член 1**

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за платите на административните службеници во општина Пробиштип за 2018 година.

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2018 година во општина Пробиштип изнесува **76,80 денари**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип ", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2018 година.

Број 26-946/20 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.12.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Општина Пробиштип е партнер во проект финансиран од Европската унија, согласно договор број РД-02-29-235/27.10.16, со референтен број CB006.1.11.103, со наслов „Заеднички инвестиции во енергетската ефикасност.

За задоволување на своите обврски околу управувањето со целокупниот проект, потребно е општината да именува лица во рамки на проектниот тим кој ќе работи на имплементација на проектот. Во таа насока заради навремено, професионално и целосно имплементирање на проектот, а имајќи ја предвид специфичноста на задачата, и поради поднесената и усвоена оставка од претходниот проектен тим, со Одлука на Совет бр. 26 - 851/10 од: 01.12.2017г. Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесува следната одлука:

## О Д Л У К А

за ангажирање лица во рамки на проектен тим – учесници во проектот

1. За проект менаџер се ангажира Васко Златковски со утврдување на следните работни задачи:

   - Дава предлог за назначување на соработници во проектот;
   - Закажува и одржува формални и неформални состаноци со тимот на водечкиот партнер и со проектната канцеларија при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија;
   - Е одговорно лице на ниво на проектен тим за соработка со останатите национални и меѓународни тимови, врзани за спроведување на активностите од проектот;
   - Навремено ги доставува сите податоци и извештаи до водечкиот партнер;
   - Е одговорен за одобрување и потпишување на сите официјални документи што произлегуваат од спроведувањето на специфичните проектни активности;
   - Ги координира активностите на административното и техничкото лице;
   - Е одговорен за управувањето и координирањето на активностите за ширењето на информациите кои се однесуваат за општината.

2. За проектен асистент на проектот се ангажира Марија Митева, која ќе биде поддршка и асистент на проект менаџерот.
3. За стручно лице кое ќе биде одговорно за финансиското работење на проектот се именува Анита Руменова, кое ќе биде одговорно за севкупното финансиско работење на проектот (исплати, правдање на трошоци, извештаи и слично).

